**Влада на Република Северна Македонија**

Министерство за локална самоуправа

Државен инспекторат за локална самоуправа

Архивски број: 02.180/11

11.03.2019 година Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

Министерството за локална самоуправа врши надзор над прописите на општините врз основа на чл.70 став 1 од Законот за локална самоуправа „Сл.весник на РМ„ бр.5/02 .

Процесната постапка во вршењето на надзор над прописите формално правно започнува во моментот кога градоначалникот на општината врз основа на чл. 71 став 1 од Законот за локална самоуправа во рок од 10 дена од денот на објавувањето, ги доставува прописите на општината до министерството за локална самоуправа.

Контролата над законитоста на прописите од правен аспект се сведува на надзор над законитоста на прописот во смисол на негова оцена дали е тој во согласност со материјалното право и уставот на Република Македонија .

Дали определен пропис е донесен во постапка утврдена со закон, надлежниот орган на министерството за локална самоуправа може да утврди само врз основа на уредно извршен надзор над дејствијата применети во процесната постапка.

Согласно членот 16, став (2) од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа "Сл.весник на Р.М" бр.158/10, 187/13 и 43/14, Државниот инспекторат за локална самоуправа, за периодот Јануари- Декември 2018 година го доставува следниот извештај:

- Надзор над законитоста на над, 1212 прописи на општините, кои беа анализирани по добиените општински Службени гласници, и каде посебно се води сметка, за следните прописи од општината, и тоа :

1.Статут на општината и измена на Статут;

2.Деловник за работа на Советот и измена;

3.Програма за работа на Советот на општината;

4.Прописи од обласга на културата;

5.Донесување и измена на урбанистички планови;

6.Надоместоци и награди на членови на Совет;

7.Надоместоци и награди на општинската администрација;

8.Имот на општината;

9.Имиња на улици, плоштади,мостови ;

10.Воспоставувањето на меѓуопштинската соработка и

11.Други прописи.

- Во текот на 2018 година, Државниот инспекторат за локална самоуправа, нема донесено Решение за запирање на примената на прописите на советите на општините.

- Достави одговори на 50 Претставки од правни и физички лица адресирани до Министерството за локална самоуправа или директно до Државниот инспекторат за локална самоуправа;

- Одговори на 60 барања на мислење, барања на податоци, известувања за определени неправилности во имплементирањето на законите при вршењето на работите од областа на локалната самоуправа и известувања и барања со друга содржина.

Во текот на 2018 година, соработката и обврските што ги имавме према Инспекциskiот совет се извршени во законските предвидени рокови, и тоа :

- Инспекторатот ги подготвуваше месечните и квартални планови и извештаји за работата на инспекторите и инспекторатот, ги подготвуваше дополнителните 30% од испитните прашања за полагање на стручен испит за инспектори и студиите на случај, ги подготви, Програмата за работа на ДИЛС за 2018 година, Програмата за обука на ДИЛС за 2018 година, Програмата за полагање на стручен испит за инспектори во ДИЛС, и Извештајот за работата на ДИЛС за 2018 година и др.

- Како инспекторат се соочуваме и со непочитување на роковите од страна на градоначалниците на општините во делот на нередовно или ненавремено доставување на службените гласници, и според нашите податоци, за жал имаме општини кои нередовно или ненавреме ни доставија Службените гласници за 2018 година, и за истите и слични во иднина, ќе треба да се превземаат и други мерки.

- Во контекст на подобрувањето на ефикасноста и контрола на законитоста на одлуките на советите, и во согласност со годишната програма за работа на инспекторатот за 2018 година, извршени се 49 вонредни инспекциски надзори, на различни делови од државата, при што на лице место се констатира и се виде начинот, условите, и стручната подготвеност на единиците на локалната самоуправа.

Во поглед на транспарентноста на работата на државниот инспекторат за локална самоуправа, а во контекст на напаствијата од Министерството за информатичко општество и администрација, ажурирана е веб страната на ресорното министерство за локална самоуправа, и во делот на Државниот инспекторат за локална самоуправа, се објавуваат кварталните извештаји од работата на инспекторатот, како и сите донесени акти во делокругот на работењето кој со закон се пропишани.

Мора да се напомене дека овие инспекциски надзори се направени со едно сопствено моторно возило, бидејќи таа што ни беше доделена од министерството за локална самоуправа не е во работна состојба, и од тие причини не можевме да ги реализираме сите барања за вонредни инспекциски надзори по општините.

Препораки за подобрување на утврдените состојби во Државниот инспекторат за локална самоуправа :

1. Се препорачува Министерството за Финансии да даде согласност за 4 (четри) нови вработувања, како и согласност за унапредување на 2 (двајца) од постоечките вработени кои ги исполнуваат условите согласно Законот за Инспекциски надзор, и ги извршуваат секојдневните задачи и одговорности.
2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи да обезбеди простории за потребите на Државниот инспекторат за локална самоуправа, бидејќи сме сместени во една канцеларија во сопственост на Министерството за локална самоуправа.
3. Се препорачува Министерството за Финансии да обезбеди средства за ново возило за потребите на инспекторите за побезбедно и поефикасно извршување на своите задачи.

Директор,
Сеад Садикоски